**Влада на**
**Република Македонија**

**Заедница на единиците**
**на локална самоуправа**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
## меѓу
## Владата на Република Македонија и
## Заедницата на единици на локална самоуправа на Република Македонија
## (ЗЕЛС)

Владата на Република Македонија и Заедницата на единици на локална самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС)

Поаѓајќи од фактот дека локалната самоуправа е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија;

Имајќи ја во предвид определбата за натамошен развој на локалната демократија во Република Македонија во согласност со принципите од Европската повелба за локалната самоуправа;

Имајќи ја во предвид потребата од продолжување на процесот на децентрализација на функциите и во согласност со тоа уредување систем на финансирање што ќе и гарантира поголема самостојност и позначајна улога на локалната самоуправа;

Почитувајќи го правото на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија утврдено во член 81 од Законот за локална самоуправа, за соработка со Владата на Република Македонија по прашања од значење за општините,

Го утврдија следното:

## I.Цели на соработката

•Воспоставување меѓусебна соработка, координација и ефективен институционален дијалог, во спроведувањето на активностите за унапредување на системот на локалната самоуправа, имајќи ги предвид пред се државните интереси.

•Спроведување на реформа на локалната самоуправа и процесот на децентрализацијата во согласност со Законот за локалната самоуправа.

•Обезбедување на полна имплементација на начелото на супсидијарност преку обезбедување на правото на граѓаните за непосредно учество во водењето на јавните работи на локално ниво.

## II.Активности за остварување на соработката

Потписниците на меморандумот во рамките на остварување на целите на соработката ќе превземаат взаемни активности и тоа:

### 1.Активности на планот на децентрализацијата

Владата на Република Македонија и органите на државната управа со ЗЕЛС ќе соработуваат во изработката на законите со кои ќе се имплементира Законот за локалната самоуправа, при што:
•ќе се овозможи учество на претставници на ЗЕЛС во работните тимови за анализи и проценки за неопходните измени во законите;
•ќе се овозможи учество на претставници на ЗЕЛС во работните тимови за изработка на одделни закони и подзаконски акти;
•ќе се овозможи учество на претставниците на ЗЕЛС во работата на работните тела на Владата на РМ, при разгледувањето на законите и подзаконските акти со кои се уредувааат прашања од значење за локалната самоуправа, во согласност со Деловникот за работа на Владата на РМ;
•ќе се овозможи претходно консултирање на единиците на локалната самоуправа за одделни значајни законски проекти од значење за локалната самоуправа;

### 2. Активности на планот на фискалната децентрализација:

•ќе се обезбеди активно учество на ЗЕЛС во проценката на сегашните состојби и идните потреби за фискална децентрализација на единиците на локалната самоуправа;
•ќе се овозможи изјаснување на ЗЕЛС по нацртот на Законот за финансирање на локалната самоуправа;
•ќе се обезбеди експертиза на усогласеноста на Законот за финансирање на локалната самоуправа со меѓународно утврдените стандарди;
•ќе се имаат предвид предлозите на ЗЕЛС во врска со проекција на Буџетот на Република Македонија, во делот што се однесува на доделувањето на средства на општините наменети за вршење на надлежностите утврдени со закон;
•ќе се оствари соработка во имплементацијата на одредбите од Законот за локално финансирање во врска со износот на општата дотација што треба да им се доделува на единиците на локалната самоуправа во тековната календарска година;

**1.Активности на планот на сопственоста на единиците на локалната самоуправа:**

- ќе се вложат взаемни напори за обезбедување на услови за остварување на функциите на локалната самоуправа преку пренесување на сопствености од државата на единиците на локалната самоуправа;
- во рамките на предстојниот нов делбен биланс ќе се преиспитаат можностите за пренесување на сопственоста на објектите изградени од самопридонес или добиени како подарок, со цел преку стопанисувањето со нив, единиците на локалната самоуправа да остваруваат приходи за нивно тековно и инвестиционо одржување;
- ќе се уредат односите во врска со сопственоста на изградената инфраструктура и начинот на обезбедување на средства за нејзино одржување;

## III. Механизми за остварување на соработката

Остварувањето на соработката ќе се обезбеди на тој начин што:

- Министерот за локална самоуправа најмалку два пати годишно ќе организира средба со претставниците на Постојаниот комитет на ЗЕЛС заради разгледување прашања од заемен интерес и за таа цел ќе се подготви заеднички извештај.

Заедничкиот извештај се доставува до Владата на РМ и Постојаниот Комитет на ЗЕЛС.

- за остварените активности на планот на соработката Владата на РМ и ЗЕЛС ќе се информира Собранието на Република Македонија.

## IV. Времетраење на соработката

Соработката ќе се остварува се додека постои взаемен интерес за остварување на целите утврдени со овој Меморандум.Соработката може да биде проширувана и продлабочувана по предлог на една од страните, а по предходно меѓусебно усогласување на ставовите.

Меморандумот е изготвен во 4 еднообразни примероци, од кои по два за секоја страна.

Скопје, 05-03- 2003 година

ЗАЕДНИЦА
НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА
САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВЛАДА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА